**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-1187
01.12. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-6789/1 од 27.11.2015 година, поради неисполнување на обврската од член 12 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 30.11.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 12 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 28 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, во програмите емитувани на 3 ноември 2015 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис согласно со член 12 од Законот за медиуми.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-6789/1 од 27.11.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиум согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, Одделението за програмски и административен надзор, на 27 ноември 2015 година, извршила административен надзор на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, при што констатирала прекршување на член 12 од Законот за медиуми, односно во програмите емитувани на 3 ноември 2015 година, од страна на радиодифузерот не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-6789/1 од 27.11.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

1) Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-6789/1 од 27.11.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

2) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-6789/1 од 27.11.2015 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје,;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
27. 11 2015
10 | 6789 | 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 3 ноември 2015 година

4. Датум на извршување на надзорот: 27 ноември 2015 година

5. Предмет на надзорот:

   - Член 12 од Законот за медиуми (Импресум)
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците)
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер)

6. Претходно изречена мерка: нема

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 ноември 2015 година, на регионално ниво, во Скопје, <u>е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.</u>

Во програмите емитувани на 3 ноември 2015 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудио делата, името на

медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги даде конкретни насоки кои податоци треба да се објават на одјавните (или најавните) шпици кај дневно-информативните емисии (вести, дневници) и другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, како и кај сите останати програми со информативна, образовна или забавна функција, во насоките за примена на член 12 од Законот за медиуми и на член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испратени до сите радио програмски сервиси на 7 ноември 2014 година.*

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 12 од Законот за медиуми, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, во програмите емитувани на 3 ноември 2015 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***